Република Северна Македонија
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје
Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје
ул. „Дрезденска“ бр. 56 Скопје – Карпош
телефон +389-2-3066-776 телефакс +389-2-3066-807
www.pedagoskifakultet@gmail.com
www.pfsko.ukim.edu.mk

Бр. 02-491/5
06.09 2021 г.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ
ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ„СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – СКОПЈЕ

Врз основа на член 4 од Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта („Службен весник“ бр. 161/2019), член 141 од Законот за високото образование („Службен весник“ бр. 82/2018), член 284 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019) и член 57 од Статутот на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 462/2019), Наставно-научниот совет на својата седница одржана на 6.9.2021 година, го донесе следниов

# ПРАВИЛНИК

за условите, постапката, начинот и правилата за студирање на студиската програма за стручно и професионално усовршување за стекнување
педагошко-психолошка и методска подготовка
(педагошка доквалификација)
на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој правилник се утврдуваат условите, постапката, начинот и правилата за запишување и студирање на програмата за стручно и професионално усовршување на студиската програма за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје.

### Член 2

На Факултетот покрај студиите од прв, втор и трет циклус, може да се организираат различни програми за стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење во согласност со Законот, со Статутот и со другите акти на Универзитетот.

Оваа студиска програма за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје претставува трајна, задолжителна форма на педагошка доквалификација на сите стручни профили кои завршиле ненаставнички факултети, а се подготвуваат за воспитно-образовна работа во основните и во средните училишта.

Оваа студиска програма на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје ќе се реализира врз основа на добиеното Решение за акредитација за вршење настава и

полагање испити за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка, број 14-7950/3 од 13.7.2021 год., донесено од министерката за образование и наука, и заверено под наш број 02-320/2 од 21.7.2021 год.

## II. УПИС И ОРГАНИЗАЦИЈА НА СТУДИИТЕ

**Член 3**

Студиската програма за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) се организира во траење од 1 (еден) семестар, според критериумите на ЕКТС.

Студиската програма од ст. 1 на овој член ќе се изведува на три наставни јазици (македонски, албански и турски наставен јазик).

Со завршувањето на студиската програма од ст. 1 и 2 на овој член, на кандидатот му се издава сертификат со стекнати 30 ЕКТС-кредити.

**Член 4**

Уписот на кандидатите ќе се реализира двапати годишно (во септември и во февруари) со распишување конкурс од страна на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје.

Конкурсот ќе се објави на ВЕБ-страната на Факултетот и во три дневни весника, на македонски, на албански и на турски наставен јазик.

На студиите за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) право на упис имаат сите кандидати кои завршиле соодветни академски студии од прв циклус со освоени (240 ЕКТС-кредити) на други ненаставнички факултети, односно студии (студиски програми) што немаат наставна насока, а се вработиле како наставници или сакаат да се вработат како наставници во основно и во средно образование.

Запишаните кандидати се заведуваат во Матична книга на запишани кандидати на програмата за стручно усовршување за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) и ќе им се издаде индекс во согласност со бројот од Матичната книга.

Со запишувањето на студиите кандидатот се стекнува со статус на кандидат за стекнување дополнителни квалификации, односно педагошко-психолошка и методска подготовка.

Висината на надоместокот што го плаќа кандидатот го определува министерката надлежна за работите на високото образование.

**Член 5**

Студиската програма за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски" – Скопје е составена од:

- 3 (три) задолжителни предмети: Педагогија, Психологија и Методика;
- 2 (два) изборни предмети, кои се бираат од следниве изборни предмети: Училишна докимологија, Училишна организација, Етика во образованието, Методика на воспитна работа, Педагошка комуникација, Интеркултурно и мултикултурно образование и Инклузивно образование;
- 45-дневна задолжителна практична настава што кандидатот ја изведува во основно, односно во средно училиште.

За секој кандидат, покрај другата документација, при запишувањето ќе се достави и табеларен преглед со задолжителните и со изборните предмети, како и со професорите кои се вклучени во наставниот процес на студиската програма за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација).

**Член 6**

Со положување на задолжителните предмети, секој од кандидатите се стекнува со по 5 ЕКТС-кредити, односно вкупно 15 ЕКТС-кредити.

Со положување на изборните предмети, секој од кандидатите се стекнува со по 4 ЕКТС-кредити, односно вкупно 8 ЕКТС-кредити.

Со реализација на практичната настава, секој од кандидатите се стекнува со 7 ЕКТС-кредити.

**Член 7**

Наставните обврски за секој предмет предвиден со оваа студиска програма се состојат од: предавања, вежби, изработка на семинарски работи, есеи, проектни активности, изработка на домашни работи и сл., во обем утврден со предметната програма, дадена во акредитираната студиска програма и составен дел на овој правилник.

Предавањата и вежбите се изведуваат во текот на месеците октомври, ноември и декември, односно март, април и мај, во зависност од тоа по кој конкурс е запишан кандидатот, а до отпочнувањето на испитната сесија.

**Член 8**

Задолжителната практична настава изнесува 45 дена, со вкупно 45 наставни часа.

Задолжителната практична настава се изведува во месеците октомври и ноември, т. е. во месеците март и април, во зависност од тоа по кој конкурс е запишан кандидатот.

Задолжителната практична настава се изведува под водство на наставник ментор во училиштето, а според програмата подготвена од професор ментор од Факултетот и од наставник ментор од училиштето.

Задолжителната практична настава подразбира: следење на наставата на соодветните наставни предмети, како и запознавање со организацијата и со работата во училиштето и партиципирање во реализацијата на бројни активности што се одвиваат во него. Кандидатите ја изведуваат педагошката практика, а кандидатот има обврска да води дневник за реализирани активности.

Во текот на првите две седмици од месец декември, односно во месец мај, кандидатот има обврска да реализира 6 часа, од кои 3 часа – критички осврти на набљудувани наставни часови и 3 часа самостојно реализирани наставни часови под надзор на професор ментор и на наставник ментор.

Извршената практична настава е услов за полагање на задолжителните и на изборните предмети.

**Член 9**

Полагањето испити може да се изведува континуирано во текот на наставата (преку колоквиуми и други форми) или во целина, по завршувањето на семестарот, во месец декември, односно во месец мај, во зависност од тоа по кој конкурс е запишан студентот.

Полагањето на испитите се изведува редоследно за наставните предмети: Педагогија, Психологија и Методика, и напоредно со нив и изборните предмети.

За да се полага предметот Методика, претходно треба да бидат положени предметите Педагогија и Психологија.

Доколку кандидатите не го положат испитот во термини дадени во ст. 1 на овој член, тоа може да го сторат во термините дадени за наредните, последователни испитни сесии што се организираат на Факултетот.

III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 10**

Овој правилник стапува во сила и ќе се применува од денот на неговото донесување. Сите кандидати запишани на програмата за стекнување педагошко-психолошка и методска подготовка (педагошка доквалификација) на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, пред стапување во сила на овој правилник, продолжуваат да студираат по Правилникот што важел во времето на нивното запишување.

Доставено до:
- декан
- членови на ННС, по меил
- секретар, по меил
- огласна табла и ВЕБ-страна на Факултетот
- Архива
- Наталија Јошева, советник за работење во Медијатека
- Роза Толовска, самостоен референт за деловно работење

Д Е К А Н

на Педагошкиот факултет
„Св. Климент Охридски“ – Скопје

проф. д-р Емиљ Сулејмани